РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09-668/1
05-04-2022 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 4 став 2 од Законот за заштита на укажувачи („Сл.весник на РМ“ бр.196/15, 35/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.257/20), член 2 став 1 и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр.46/16), член 50 став 2 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 36 став 1 алинеја 8 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

# Р Е Ш Е Н И Е
## за назначување на лице овластено за прием на пријави од укажувачи

1. Марија Чурлинова Јорданова, Раководител на Одделението за финансиски прашања и јавни набавки на Општина Валандово, се назначува за овластено лице за прием на пријави, доставени заради заштитено внатрешно пријавување.

Овластеното лице може да се контактира во седиштето на Општина Валандово на ул.„Иво Лола Рибар“ бб, на тел.034/382 007 или на е-маил marija_curlinova@yahoo.com.

2. Со денот на влегување во сила на оваа Решение престанува да важи Решението за назначување на лице овластено за прием на пријави од укажувачи бр.09-342/2 од 07.04.2021 година.

3. Решението да се објави на Веб страната на Општина Валандово.

## О б р а з л о ж е н и е

Основ за донесување на оваа Решение се член 4 став 2 од Законот за заштита на укажувачи и член 2 став 1 и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор, каде е пропишано дека Раководното лице во институцијата од јавниот сектор до кои укажувачот извршил заштитено внатрешно пријавување назначува овластено лице за прием на пријави.

Со оваа Решение Градоначалникот на Општина Валандово овластува лице за прием на пријави од укажувачи, притоа водејќи се од напатствијата дадени во член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за Администрација во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката на интернет страницата на Општина Валандово.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С.Димитров
Контролирал:З.Пеева
Одобрил:Е.Фидански